Врз основа на член 10 од Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи аптеки („Службен весник на Република Северна Македонија" број 198/2019) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 30 септември 2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарна здравствена заштита**

**Член 1**

За извршена здравствена услуга за обезбедување на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита, Фондот плаќа надоместок на организационите единици - аптеки, кој се утврдува на следниот начин:

1. За лековите кои што се издаваат на рецепт на товар на Фондот за организациона единица - аптека, надоместокот се пресметува во висина од 16% од цената на лекот по која е фактурирано до Фондот, без пресметан ДДВ, по реализиран рецепт.

2. За лековите од Листата на скапи лекови кои што се издаваат на рецепт на товар на Фондот и за лекови пропишани на рецепт од лекар во дежурна служба, надоместокот се утврдува во фиксен износ од 100,00 денари по реализиран рецепт.

3. За препарат без глутен кој се издава на рецепт на товар на Фондот, надоместокот се утврдува во фиксен износ од 35,00 денари по реализиран рецепт

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за месец октомври 2019 година.

**Број: 02-16333/4**
**01. 10. 2019 година**
**С к о п ј е**

**Управен одбор/Bordi drejtues**
**Претседател/Kryetar**
**D-r Ridvan ASANI**